# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 9, година XLIV**
**Понеделник, 24.06.2013**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — м-р Владимир Талески

Врз основа член 36 и 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје општина Битола**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје на Општина Битола.

**Член 2**

Под поставена урбана опрема во смисла на ова одлука се подразбира урбаната опрема која егзистира на изградено градежно земјиште – земјиште за општа употреба и истите се во функција односно вршат дејност за која се регистрирани согласно законска регулатива.

**Член 3**

Под урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса се подразбира опрема наведена во член 2 став 4 од Законот за градење .

**Член 4**

Надоместокот за поставената урбана опрема и поставувањето на урбана опрема од член 2 на оваа Одлука ќе се определува согласно следните критериуми – местоположба на урбаната опрема, видот на урбаната опрема и дејноста за која се регистрирани.

**Член 5**

Согласно местоположбата на поставената урбана опрема и поставувањето на урбаната опрема се определуваат три зони на територија на општина Битола определени со Одлуката за дефинирање на зони за оттуѓување на грдежно земјиште сопственост на Република Македонија (Сл. Гласник на општина Битола бр.15/2011) со издвојување на екстра зона во 1-ва зона која се протега по должината на ул. „Широк Сокак„ од пресекот со ул. „Солунска„ до пресекот со ул „Димитар Илиевски Мурато„-ул. „Ленинова„ завршувајки со пресекот на ул.„Булевар 1-ви Мај од двете страни на речното корито на р.„Драгор".

Во потегот на екстрата зона се приклучуваат по 50м од двете страни на улиците „Булевар 1-ви Мај", ул. „Димитар Илиевски Мурато", ул. „Ленинива" и ул. „Солунска".

**Член 6**

Видот на урбаната опрема што е поставена и ќе се поставува на подрачјето на општина Битола е определен во Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола" бр. 7/2013).

**Член 7**

Дејноста која се врши во урбаната опрема за која се регистрирани и површината која се користи од иматели на урбаната опрема се утврдува со увид на лице место и согласно приложената документација.

**Член 8**

Висината на надоместокот за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема е одредено во денарска вредност по $м^2$ на месечно или годишно ниво

Утврдувањето на надоместокот за поставена урбана опрема ќе се врши согласно табеларниот преглед во прилог на ова одлука врз основа на пресметка изготвена од Градоначалникот на општина Битола на годишно ниво со квартално плаќање на 4 рати.

Утврдувањето на надоместокот за поставување на урбана опрема, ќе се врши по пат на јавно наддавање со почетна висина на надоместок утврдена во табеларниот преглед во прилог на оваа одлука и плаќање на почетокот на секој месец.

За нередовно плаќање на надоместокот Општина Битола е должна да превзема мерки за отстранување на урбаната опрема.

Составен дел на ова Одлука е табеларниот прилог во прилог на ова Одлука.

**Член 9**

Поставената урбаната опрема која не ги исполнува условите од членот 2 на оваа одлиука, ќе биде отсранета од земјиштето за општа употреба. Трошоците за отстранување на таквата урбана опрема се терет на сопственикот. Доколку во рок од 6 месеци не се утврди сопственик, Општината има право да донесува одлука за користење или отстранување на таа опрема.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, со важност до донесување на нова Одлука, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-21/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Табеларен преглед за утврдување на надоместок за урбана опрема

| | | Општина Битола - ЗОНИ | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Тип на ур.опрема (УО) | 1 | 2 | 3 |
| 1 | Поставена УО затворен простор за храна и пијалик | 500 ден по м2/месеч. | 300 ден по м2/месеч | 150 ден по м2/месеч |
| 2 | Поставена УО затворен простор за весници, сувенири и др. | 300 ден по м2/месеч | 200 ден по м2/месеч | 100 ден по м2/месеч |
| 3 | Тераси, шанкови, надстрешници | 100 ден по м2/месеч | 50 ден по м2/месеч | 20 ден по м2/месеч |
| 4 | Опрема за забава на деца и детски игралишта | 10 ден по м2/месеч | 7 ден по м2/месеч | 3 ден по м2/месеч |
| 5 | Платформи за јавни настапи и манифестации | 1000 денари/ дневно | 700 денари/ дневно | 300 денари/ дневно |
| 6 | Телеф.говорници, банкомати, пошт.санд. | 500 ден по м2 /месеч | 300 ден по м2/ месеч | 150 ден по м2/ месеч |
| 7 | Јавни санитарни јазли | 300 ден по м2/месеч | 200 ден по м2/месеч | 100 ден по м2/месеч |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2013 година

1. Ја објавувам Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2013 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/2
24.06.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 ), а во врска со член 84 став 1 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на РМ“ бр. (17/11, 53/11, 144/12 и 25/13), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2013 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2013 година („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 15/2012 ), во Главата Пресметка на висината за уредување на градежното земјиште и степенот на уреденост на градежното земјиште дел 1. Градски реон, по 10-тата точка се додава нова точка:

За објекти како што се антенски столб, платформа на антенски столб и објекти поврзани со антенскиот столб, висината на надоместокот за уредување на градежно

земјиште изнесува 15% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во II-ра зона деловни објекти.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-21/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето

1. Го објавувам Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Битола м-р Владимир Талески

Врз основа на член 83 став 4 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.17/11 и 53/11), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината за трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ“ бр.93/11, **65/12,75/12и 98/12**) и врз основа на член 22 точка 26 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.06.2013 год. донесе

## ПРАВИЛНИК
## за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

### II ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 2**

Уредувањето на градежното земјиште во градски реон опфаќа:

- Подготвување и расчистување на градежното земјиште, и
- Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации

**Член 3**

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изготвување урбанистички планови со инфраструктура
- Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропијација
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот
- Отстранување, преместување на постојаните комунални објекти инсталации што сметаат при градбата и користењето на објектот
- Преселување на станарите и покуќнината
- Рушење на објектите и пренесување на шутот од урнатите работи до кота на самониклива почва
- Основни геомеханички испитување на теренот
- Асанациони работи (израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од депонии земја и растенија и други асанациони зафати)
- Програмирање на уредувањето

**Член 4**

Под поимот израмнување на земјиштето како дел од асанационите работи се сметаат: израмнување на теренот во рамките на општата нивелета-нагибот на теренот со израмнување на сите нерамнини кои излегуваат надвор од тие рамки, односно до кота на природната конфигурација на теренот, а не доведување на земјиштето во хоризонтална положба. За објекти кои се градат во постојниот дел на градот на свои земјишта не се врши расчистување на теренот.

**Член 5**

Под поимот одводнување на земјиштето како дел од асанационите работи се сметаат: зафаќање и одводнување на површинските води од населбите, но не и од самата локација.

## III СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 6**

1. Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две групи:

- Опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации содржани во генералните урбанистички планови и плановите за вон населени места - од заедничко користење
- Опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти и инсталации опфатени со деталните урбанистички планови - од индивидуално користење на објектот.

**Член 7**

1. Опремувањето на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации опфаќа:
    - основни градски сообраќајници (магистрални и примарни)
    - магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и други водоснабдителни објекти:
    - колектори за одвод на фекална и атмосферска вода
    - пречистителни станици

2. Средства за проектирање и изградба на објектите од овој член се обезбедува од надоместокот за употреба на градежното земјиште, стопанските субјекти, самопридонеси, Републички средства и други извори на средства.

**Член 8**

1. Степенот на уреденост на градежното земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти се определува на основа обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална ифраструктура кои се потребни за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела. Степенот на уреденост на градежното земјиште од став 1 на овој член може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

2. Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
   - подземна електрична мрежа,
   - улично осветлување,
   - водоводна мрежа,
   - фекална канализација и
   - атмосферска канализација

3. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од став 2. на овој член како и:
   - ПТТ (оптичка-телекомуникациона) мрежа,
   - топлификациона мрежа,
   - паркинг простори,
   - гасоводна мрежа и
   - пречистителна станица за отпадни води

4. Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
   - подземна електрична мрежа,
   - сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
   - септичка јама (нема приклучок на фекална канализација),
   - сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),
   - нестандардно улично осветлување и
   - надземна нестандардна електрична мрежа

5. Согласно утврдениот степен на уреденост, приклучувањето на јавната комунална мрежа се врши согласно дадените услови за приклучоци, по претходно барање од надзорниот инженер, а приклучоците се пуштаат во редовна употреба согласно член 92а, став 3 од Законот за градење.

### Член 9

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласнот со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно чл. 8, на овој правилник, во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци.

2. Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно чл. 8 на овој правилник, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи н-аведени во чл. 8 став (3) од овој правилник, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура

3. Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно чл.8 на овој правилник, можат да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во чл. 8 став (4) од овој правилник, за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

### Член 10

Партерното уредување на локацијата според изготвениот проект (пристапите на објектот од улицата до влезовите на објектот, осветлувањето сврзано со објектот како и приклучоците на објектот од приклучните места на секундарната мрежа преку хидротехничките услови, енергетската согласност) затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат сопственост на инвеститорот паѓаат на негов товар.

## IV УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 11

Просечниот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1м изградена корисна површина на објект во градскиот реон се утврдува во зависност од висината на градежната цена по 1м$^2$ станбен односно деловен простор, намена на објектот (станбен-деловен), локалитет на кој се гради објектот (зона) и вид на објектот (колективна или индивидуална станбена зграда).

Појдовна големина во пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со програмата за уредување на градежното земјиште (во натамошниот текст програма), а на истата во текот на годината ќе се врши индексација според движењето на цените на индустриските производи и порастот на платите на Републиката што ги објавува Републичкиот завод за статистика, при што за месеците за кои не е објавен ќе се применува како претпоставен последниот објавен индекс во однос на предходниот месец.

Индексацијата во смисла на претходниот став на овој член ќе ја пресметува субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

### Член 12

При пресметување на приходите, во програмата ќе се зема просечниот износ на надоместокот за уредување на градежното земјиште помножен со нето изградена површина согласно утврдените стандарди, при што односот нето површина ќе претставува 80% од бруто површината на објектите што ќе се градат.

### Член 13

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од уреденоста на градежното земјиште согласно членот 8 на овој правилник, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

| **1. СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - станбени простории | **1,0** |
| - станбени простории во поткровје со висина до 2,50 со надзидок на главна носива к-ција 1,5м | **0,2** |
| - станбени простории во поткровје со висина до 2,50 и со надзидок на главна носива к-ција поголем од 1,5м –max. до 2,0м | **0,5** |
| - станбени простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | **0,5** |
| - галерии со висина помала од 2,5м | **0,8** |
| - лоѓија затворена од три страни | **0,4** |
| - подлоѓија затворена од две страни | **0,3** |
| - балкони, тераси | **0,2** |
| - заеднички проодни тераси, пасажи, | **0,2** |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | **0,3** |
| - трафостаници до 35 КВ во објектот и надвор од објектот | **0,3** |
| - трафостаници до 20(10) КВ во објектот и надвор од објектот | **0,2** |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | **0,3** |
| - стражарници, управител, простории за домар | **0,5** |
| - отворени базени во дворно место | **0,2** |
| - паркиралишта и гаражи | **0,1** |

| **2. ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - простории | **1,0** |
| - простории во поткровје со висина до 2,50 и со надзидок на главна носива к-ција до 1,5м | **0,6** |
| - простории во поткровје со висина до 2,50 и со надзидок на главна носива к-ција поголем од 1,5м – max. до 2,0м | **0,8** |
| - магацини | **0,5** |
| - деловни простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | **0,8** |
| - деловни простории во визба вкопани повеќе од 1,0м | **0,5** |
| - галерии со помала висина од 2,5м | **0,8** |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара | **0,3** |
| - трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот | **0,4** |
| - трафостаници до 20(10) КВ во објектот и надвор од објектот | **0,3** |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | **0,5** |
| - паркиралишта и гаражи со рампи за влез во нив (во габарит на објект) | **0,1** |
| - лоѓија затворена од три страни | **0,5** |
| **- подлоѓија затворена од две страни** | **0,4** |
| **- балкони, тераси** | **0,3** |
| - отворен наткриен простор и партер за заедничка комуникација | **0,3** |

| **3. ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - катни гаражи | **0,05** |
| - спортски покриени објекти | **0,5** |
| - спортски покриени објекти – монтажен с-м (балон) | **0,4** |
| - спортски откриени објекти | **0,3** |
| - гасни станици и базни станици – за 50% од површина на локацијата | **1,0** |
| - отворени пазаришта – за 30% од површината на локацијата | **1,0** |
| - базени | **0,2** |
| - трафостаници над 35 КВ | **1,0** |
| **- антенски столб –се смета на м´** | **1,0** |
| **- платформа на антенски столб** | **1,0** |
| **- објекти поврани со антенскиот столб** | **1,0** |
| - трафостаници над 35 КВ | **1,0** |

| **4. ЗА ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - Г1 тешка и загадувачка индустрија - сите простории | **0,05** |
| - Г2 лесна и незагадувачка индустрија - сите простории | **0,05** |
| - Г3 сервиси - сите простории | **0,05** |
| - Г4 стоваришта - сите простории | **0,05** |

| **5. ЗА БЕНЗИСКА ПУМПНА СТАНИЦА И НЕЈЗИНИ ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | **коеф.** |
|---|---|
| - продажни простории на бензиски пумпни станици | **1,00** |
| - услужни простории на бензиски пумпни станици | **1,00** |

| **ЗА ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ<br><br>Б5 – УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКСИ, ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ОДМОРАЛИШТА<br><br>А4 – ХОТЕЛ, МОТЕЛ, ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ ВО ВИКЕНД КУЌИ, ПЛАНИНАРСКИ ДОМ И ЛОВЕН ДОМ** | **коеф.** |
|---|---|
| - сите простории | **0,05** |

1. По исклучок од став 1 на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:
   - инсталационите канали,
   - окната за лифтови,
   - окна на врати
   - отворени паркиралишта
   - подземни резервоари
   - објекти заштитени како културно наследство
2. За објекти од став 1 на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став 1 и 2 од овој член.
3. За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно став 1 и 2 од овој член **и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наогаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката**.
4. За објекти од група на класи на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите

опишани во член 13 став 1. точка 4 од овој правилник.

5. Дефинирањето на поедини нивоа во објектот во смисла на овој правилник без оглед за која намена се користи е според Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти.
6. Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре.

### Член 14

**Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.**

**Во случаите од став 1 на овој член, површините на потпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, простории, визби, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот**.

### Член 15

За доградба и надградба се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште согласно коефициентите предвидени во чл.16, а во зависност од $м^2$ корисни површини кои се проектирани за доградба и надградба.

### Член 16

За реконструкција на објекти во постојниот габарит на објектот не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште.

За реконструкција на објекти – темелна реконструкција со дислокација на објектот инвеститорите плаќаат надомест за уредување на градежното земјиште 30% во однос предвидените коефициенти од чл.13 на овој Правилник.

### Член 17

За пренамена на објектите (станбени и помошни) во деловни се наплатува еднократен надомест за уредување на градежното земјиште во висина што преставува разлика од претходно наплатениот надомест до полниот износ што треба да се плати за намената што ќе ја добие објектот или дел од објектот, а средствата се неповратни.

Надоместокот за пренамена од деловен во станбен простор не се наплатува.

**За повластените деловни објекти за кои е платен надомест за уредување на градежното земјиште со коеф. од 5% со точно дефинирана намена, при пренамена од деловен со 5% во деловен со друга намена и од деловен со 5% во станбен простор се наплатува надомест за уредување на градежното земјиште во висина што преставува разлика од претходно наплатениот надомест до полниот износ што треба да се плати за намената што ќе ја добие објектот**

### Член 18

Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште при обнова на објекти кои се порушени од пожари, поплави и снегови и тоа само за градба што одговара на првобитната состојба.

### Член 19

Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште врз основа на стекната сопственост и останата документација од надлежен орган се утврдуваат со договор помеѓу сопственикот на земјиштето и субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

### Член 20

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација и се здобија со нова станбена или деловна површина должни се да платат соодветна разлика утврдена со анекс договор за уредување на градежното земјиште за ново изградената површина помножена со надоместокот во моментот на плаќањето по прет-

ходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

**Член 21**

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместокот за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

## V. НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА

**Член 22**

Средствата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола се здружуваат на посебна сметка и се користат за реализација на програмата за уредување на градежното земјиште.

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите согласно овој Правилник.

## VI ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 23**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето („Сл.гласник на Општина Битола„ бр.5/12)

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-21/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДИХОВО

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДИХОВО, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и бр.162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДИХОВО

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО ДИХОВО и тоа:

- КП бр.40/13 КО Дихово
- КП бр. 84/2 КО Дихово
- КП бр. 303 КО Дихово
- КП бр.306/1 КО Дихово
- КП бр.306/6 КО Дихово
- КП бр.306/7 КО Дихово
- КП бр.348/1 КО Дихово
- КП бр.348/2 КО Дихово
- КП бр.355/1 КО Дихово
- КП бр.551/1 КО Дихово
- КП бр.585/2 КО Дихово
- КП бр.724 КО Дихово
- КП бр.618/2 КО Дихово
- КП бр 764/1 КО Дихово
- КП бр.767/3 КО Дихово
- КП бр.769/3 КО Дихово
- КП бр.769/4 КО Дихово
- КП бр.777/2 КО Дихово
- КП бр.778/3 КО Дихово
- КП бр.778/6 КО Дихово
- КП бр.778/9 КО Дихово
- КП бр.778/18 КО Дихово
- КП бр. 838/3 КО Дихово
- КП бр.839/3 КО Дихово
- КП бр.918 КО Дихово
- КП бр.1087 КО Дихово
- КП бр.1088/9 КО Дихово
- КП бр.1098/2 КО Дихово
- КП бр.1101/1 КО Дихово
- КП бр.1104/2 КО Дихово

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-21/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО БУКОВО

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО БУКОВО, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО БУКОВО

**Член 1**

Со ова Одлука се утврдува донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО БУКОВО и тоа:

- КП бр.593 КО Буково
- КП бр.696 КО Буково
- КП бр.931 КО Буково

- КП бр.937 КО Буково
- КП бр.1377 КО Буково
- КП бр.1479 КО Буково
- КП бр.1486 КО Буково
- КП бр.1493 КО Буково
- КП бр.1496 КО Буково
- КП бр.1934 КО Буково

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-21/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДОЛНО ОРИЗАРИ

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДОЛНО ОРИЗАРИ, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и бр.162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДОЛНО ОРИЗАРИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО ДОЛНО ОРИЗАРИ и тоа:

- КП бр.93/3 КО Долно Оризари
- КП бр. 607 КО Долно Оризари
- КП бр.990/1 КО Долно Оризари
- КП бр.990/2 и 1000 КО Долно Оризари
- КП бр.926 КО Долно Оризари
- КП бр.942 КО Долно Оризари
- КП бр.1150 КО Долно Оризари
- КП бр.1167 КО Долно Оризари
- КП бр.1175 КО Долно Оризари
- КП бр.1176 КО Долно Оризари
- КП бр.1197 КО Долно Оризари
- КП бр.1227 КО Долно Оризари
- КП бр.1256 КО Долно Оризари
- КП бр.1313 КО Долно Оризари
- КП бр.1324 КО Долно Оризари
- КП бр.1327 КО Долно Оризари
- КП бр.1334 КО Долно Оризари
- КП бр.1348/3 КО Долно Оризари
- КП бр.1363/1 КО Долно Оризари
- КП бр.1664 КО Долно Оризари
- КП бр.1703 КО Долно Оризари
- КП бр.1727 КО Долно Оризари
- КП бр.1743 КО Долно Оризари
- КП бр.1744 КО Долно Оризари
- КП бр.1789 КО Долно Оризари

- КП бр.1789/2 КО Долно Оризари
- КП бр.1831 КО Долно Оризари
- КП бр.1837/6 КО Долно Оризари
- КП бр.1862 КО Долно Оризари
- КП бр.1892 КО Долно Оризари
- КП бр.1894/1 КО Долно Оризари

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-21/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СЕВЕРОИСТОЧНА СТАНБЕНА ЗОНА „ТРИАГОЛНИК“ БЛОК 2 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СЕВЕРОИСТОЧНА СТАНБЕНА ЗОНА „ТРИАГОЛНИК„ БЛОК 2 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 10 ,17,17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 19.06.2013 година донесе

## О Д Л У К А
## За отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СЕВЕРОИСТОЧНА СТАНБЕНА ЗОНА „ТРИАГОЛНИК“ БЛОК 2 - Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СЕВЕРОИСТОЧНА СТАНБЕНА ЗОНА „ТРИАГОЛНИК“ БЛОК 2 – Битола.

Границата на планскиот опфат се движи: на север по осовина на ул. „Илинденска“ до пресечна точка со осовина на ул. „Максим Горки“ продолжува по осовина на ул. „Максим Горки“ до пресечна точка со осовина на ул. „Прилепска“ по осовина на ул. „Прилепска“ до пресечна точка со осовина на ул. „Едвард Кардељ“ по осовина на ул. „Едвард Кардељ“ до пресечна точка со осовина на ул. „Илинденска“ каде завршува опфатот.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од приближно 1,6 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за СЕВЕРОИСТОЧНА СТАНБЕНА ЗОНА „ТРИАГОЛНИК“ БЛОК 2 – Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-21/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението за едукација за заштита од пожари „ПЕГАЗ-ЕДУ“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката За доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението за едукација за заштита од пожари „ПЕГАЗ-ЕДУ“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## За доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението за едукација за заштита од пожари „ПЕГАЗ-ЕДУ“ Битола

**Член 1**

На Здружението за едукација за заштита од пожари „ПЕГАЗ-ЕДУ“ Битола му се доделуваат 100.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Се задолжува Здружението за едукација за заштита од пожари „ПЕГАЗ-ЕДУ“ Битола да достави повратна информација за тоа кои активности се финансирани од добиените средства.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-21/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, 50, и 66 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), член 3 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и

давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општина Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за продажба на недвижен имот во сопственост на Општината

**Член 1**

Се пристапува кон продажба на недвижен имот во сопственост на Општината Битола (со право на користење на земјиштето околу истите) кој се наоѓа на КП бр. 17595/1 Катастарска Општина Битола, евидентиран во Имотен лист бр. 26860 и тоа:

- Објект бр. 31 со вкупна површина од 2.020 $м^2$
- Објект бр. 38 со вкупна површина од 1.583 $м^2$
- Објект бр. 39 со вкупна површина од 1.215 $м^2$
- Објкет бр. 44 со вкупна површина од 324 $м^2$
- Објект бр. 45 со вкупна површина од 1.466 $м^2$
- Објект бр. 46 со вкупна површина од 382 $м^2$
- Објект бр. 47 со вкупна површина од 461 $м^2$
- Објект бр. 64 со вкупна површина од 1.144 $м^2$
- Објект бр. 89 со вкупна површина од 474 $м^2$

**Член 2**

Предмет на продажба се објектите од член 1 на оваа Одлука или делови од истите кои претставуваа функционални целини - сопственост на Општина Битола.

Продажбата ќе се врши по пат на јавно наддавање со почетна цена утврдена по методологијата за проценка на паразната вредност на недвижен имот.

**Член 3**

Постапката за продажба на објектот со јавно наддавање ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Битола која што ќе ги утврди условите за учество, критериумите за избор, начинот на плаќање и другите услови за продажба на објектот што ќе бидат објавени во јавен оглас.

**Член 4**

По извршениот избор на најповолен купувач Комисијата му предлага на Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски меѓу купувачот и оттуѓувачот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-21/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за издвојување на средства за дореализација на проектот изградба на живеалиште за нилското коњче

1. Ја објавувам Одлуката за за издвојување на средства за дореализација на проектот изградба на живеалиште за нилското коњче, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-740/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.06.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола(„Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за издвојување на средства за дореализација на проектот изградба на живеалиште за нилското коњче

**Член 1**

Со оваа Одлука се издвојуваат средства за дореализација на проектот за изградба на живеалиште за нилското коњче согласно предмер пресметка како дел од основниот проект.

**Член 2**

Постапката за реализација на оваа набавка да ја спроведе Општинската администрација во име и за сметка на Инвеститорот Општинска јавна установа Зоолошка градина-Битола

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во“ Службен Гласник на Општина Битола“.

Бр.07-21/12
19.06.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/02) и член 72 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија„бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12) донесувам*

## *Р Е Ш Е Н И Е*
### *за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата*

*1.Се формира Комисија за решавање по жалба против решение на овластен инспектор за патишта.*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Марјана Спасевска, Раководител на одделение,- Претседател*

*Милица Андрејева, Советник - член*

*Владимир Прчков, , Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.*

### *О б р а з л о ж е н и е*

*Согласно член 72 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија„бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12) против решението на овластен инспектор за патишта одлучува посебна комисија при општината составена од три члена именувани од Градоначалникот на општината, . Претседателот на комисијата е лице од редот на раководните државни службеници од општината, кое не учествувало во постапката за вршење на инспекциски надзор. Членовите на комисијата се со високо образование од правна или техничка струка со најмалку три години работно искуство.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-696/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) и член 208 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија„бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) донесувам*

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата**

*1.Се формира Комисија за решавање по жалба против одлуките на овластен инспектор за животна средина согласно Законот за животна средина.*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Констандина Стерјева, Раководител на сектор, - Претседател*

*Момчило Петрески, Советник - член*

*Златко Томски, Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.*

**Образложение**

*Согласно член 208 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија„бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) по жалба против одлуките на овластениот инспекктор за животна средина на општината одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од Градоначалникот на општината. За Претседател на комисијата задолжително се именува раководен државен службеник вработен во инспекциските служби на општината, кој не бил вклучен во вршење на инспекцискиот надзор.*
*За членови на комисијата се именуваат вработени во општината од кој еден е дипломиран правник.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-697/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија ,, бр. 5/02) член 52 од Законот за заштита од бучава во животната средина (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 79/07, 124/10, 47/11) и член 208 од Законот за животна средина (,,Службен весник на Република Македонија,,бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) донесувам*

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата**

*1.Се формира Комисија за одлучување по жалба против решение на овластен инспектор за животна средина согласно Законот за заштита од бучава во животната средина.*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Констандина Стерјева, Раководител на сектор, - Претседател*

*Момчило Петровски, Советник - член*

*Марија Поповска Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола,,.*

**О б р а з л о ж е н и е**

*Согласно член 52 од Законот за заштита од бучава во животната средина (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 79/07, 124/10, 47/11)по жалба против решение на овластен инспектор за животна средина одлучува Комисија за одлучување по жалба на општината формирана од страна на градоначалникот на општината согласно Законот за животна средина.*
*Согласно пак член 208 од Законот за животна средина (,,Службен весник на Република Македонија,,бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) по жалба против одлуките на овластениот инспекктор за животна средина на општината одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од Градоначалникот на општината. За Претседател на комисијата задолжително се именува раководен државен службеник вработен во инспекциските служби на општината, кој не бил вклучен во вршење на инспекцискиот надзор.*
*За членови на комисијата се именуваат вработени во општината од кој еден е дипломиран правник.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-698/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
Владимир Талески

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) и член 41 став 3 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија„бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11) донесувам*

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата**

*1.Се формира Комисија за решавање по жалба против решение на општински комунален инспектор донесено по Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Татјана Танчевска Петковска, Раководител на одделение,- Претседател*

*Томислав Ивановски, Соработник - член*

*Владимир Прчков, , Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.*

**О б р а з л о ж е н и е**

*Согласно член 41 став 3 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија„бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11) против решението на општински комунален инспектор донесено по Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води може да се изјави жалба до посебна комисија за одлучување составена од три члена, именувани од градоначалникот на Општината.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваРешение.*

*Бр. 08-633/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) и член 71 став 2 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија„бр. 67/04, 92/07, 35/10 , 47/11, 59/12) донесувам*

## *РЕШЕНИЕ*
### *за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата*

*1.Се формира Комисија за одлучување по жалба на решение на овластен инспектор за животна средина донесено по Законот за квалитетот на амбиентниот воздух.*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Констандина Стерјева , Раководител на сектор,- Претседател*

*Милица Андрејева , Советник- член*

*Виолета Налевска , Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.*

### *Образложение*

*Согласно член 71 став 2 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија„бр. 67/04, 92/07, 35/10 , 47/11, 59/12) против решението на овластен инспектор за животна средина може да се изјави жалба до посебна комисија за одлучување по жалба формирана од Градоначалникот.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-700/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
м-р Владимир Талески

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија ,, бр. 5/02) и член 137 став 3 од Законот за градење (,,Службен весник на Република Македонија,,бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 и 79/13) донесувам*

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
### ***за формирање на Комисија и именување на Претседател, членови и нивни заменици***

*1.Се формира Комисија за решавање по жалба на решение на овластен градежен инспектор како и жалба на заклучок со кој се дозволува извршување , заклучок за прекинување на постапката и заклучок за трошоците за извршувањето на постапката.*

*2. За Претседател и негов Заменик , како и членови и нивни заменици се именуваат:*

*Јосиф Гоновски, Раководител на одделение Претседател*
*Валентина Андријашевик Кривашија, Заменик Претседател*

*Зора Симјановска, Раководител на одделение - член*
*Благица Василевска, Советник – заменик член*

*Љубо Атанасовски, Советник- член*
*Тони Стојчевски, Советник- заменик член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола,,.*

## ***О б р а з л о ж е н и е***

*Согласно член 137 став 3 од Законот за градење (,,Службен весник на Република Македонија,,бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 и 79/13) ) против решението на овластен градежен инспектор како и заклучок со кој се дозволува извршување , заклучок за прекинување на постапката и заклучок за трошоците за извршувањето на постапката, може да се изјави жалба до Комисија составена од три члена именувани од страна на Градоначалникот на општината . Претседателот на Комисијата е од редот на раководните државни службеници кој не бил вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор. Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-701/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) и член 27 став 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија„бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12) донесувам*

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
### ***за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата***

*1.Се формира Комисија за решавање по жалба на решение на општински комунален инспектор на општината донесено по Законот за јавна чистота*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Кире Ѓоргиевски, Раководител на одделение,- Претседател*

*Јулијана Ивановска, Советник- член*

*Владимир Прчков, , Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Согласно член 27 став 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија„бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12) против решението на општински комунален инспектор може да се изјави жалба до посебна комисија составена од три члена, именувани од градоначалникот на Општината , при што претседателот на Комисијата треба да е од редот на раководните државни службеници, кое не учествувало во постапката за вршење на инспекциски надзор , додека членовите на комисијата се со високо образование од правна или техничка струка со најмалку три години работно искуство.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-702/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
*Д-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија ,, бр. 5/02) член 48 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 140/10, 47/11, 148/11 и39/12)) и член 208 од Законот за животна средина (,,Службен весник на Република Македонија,,бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) донесувам*

***РЕШЕНИЕ***
***за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата***

*1.Се формира Комисија за одлучување по жалба против решение на овластен инспектор за животна средина и решение на комунален инспектор на општината согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Констандина Стерјева, Раководител на сектор, - Претседател*

*Милица Андрејева, Советник - член*

*Виолета Налевска, Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола,,.*

***Образложение***

*Согласно член 48 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори по жалба против решение на овластен инспектор за животна средина и комунални инспектори на општините одлучува Комисија за одлучување по жалба на општината формирана од страна на градоначалникот на општината согласно Законот за животна средина.*
*Согласно пак член 208 од Законот за животна средина (,,Службен весник на Република Македонија,,бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) по жалба против одлуките на овластениот инспекктор за животна средина на општината одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од Градоначалникот на општината. За Претседател на комисијата задолжително се именува раководен државен службеник вработен во инспекциските служби на општината, кој не бил вклучен во вршење на инспекцискиот надзор.*
*За членови на комисијата се именуваат вработени во општината од кој еден е дипломиран правник.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-703/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) член 49 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија„ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12) и член 208 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија„бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) донесувам*

***РЕШЕНИЕ***
***за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата***

*1.Се формира Комисија за одлучување по жалба против решение на овластен инспектор за животна средина и решение на комунален инспектор на општината согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување.*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Констандина Стерјева, Раководител на сектор, - Претседател*

*Томислав Ивановски, Соработник - член*

*Евгенија Бекташ Јосифовска, Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.*

***Образложение***

*Согласно член 49 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија„ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12) по жалба против решение на овластен инспектор за животна средина и комунални инспектори на општините одлучува Комисија за одлучување по жалба на општината формирана од страна на градоначалникот на општината согласно Законот за животна средина.*
*Согласно пак член 208 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија„бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12) по жалба против одлуките на овластениот инспекктор за животна средина на општината одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од Градоначалникот на општината. За Претседател на комисијата задолжително се именува раководен државен службеник вработен во инспекциските служби на општината, кој не бил вклучен во вршење на инспекцискиот надзор.*
*За членови на комисијата се именуваат вработени во општината од кој еден е дипломиран правник.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-704/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) и член 92 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија„бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11,53/11, 6/12, 23/13) донесувам*

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
### ***за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата***

*1.Се формира Комисија за решавање по жалба на решение на овластен инспектор за патен сообраќај на општината .*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Јосиф Гоновски, Раководител на одделение,- Претседател*

*Валентина Стефоска, Советник- член*

*Златко Томски, Советник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Согласно член 92 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија„бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13) против решението на овластен инспектор за патен сообраќај на општината може да се изјави жалба до посебна трочлена комисија формирана од Градоначалникот , при што претседателот на Комисијата треба да е од редот на раководните државни службеници.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-705/1*
*12.06.2013 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
*м-р Владимир Талески*

## С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје општина Битола ........ 241

П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2013 година ........ 243

П Р А В И Л Н И К за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето ........ 244

О Д Л У К А за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДИХОВО ........ 251

О Д Л У К А за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО БУКОВО ........ 252

О Д Л У К А за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО ДОЛНО ОРИЗАРИ ........ 253

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СЕВЕРОИСТОЧНА СТАНБЕНА ЗОНА „ТРИАГОЛНИК“ БЛОК 2 - Битола ...... 254

О Д Л У К А За доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението за едукација за заштита од пожари „ПЕГАЗ-ЕДУ“ Битола ........ 255

О Д Л У К А за продажба на недвижен имот во сопственост на Општината ........ 256

О Д Л У К А за издвојување на средства за дореализација на проектот изградба на живеалиште за нилското коњче ........ 257

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 258

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 259

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 260

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 261

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 262

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател, членови и нивни заменици ........ 263

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 264

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 265

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 266

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата ........ 267

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211